Република Северна Македонија
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

**Бр. 22**

**28.12.2023**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвојување на Акцискиот план на Локалниот економско-социјален совет на Општина Демир Хисар за 2024 година (со опис на активностите од формирањето)**

1.Ја објавувам Одлуката за усвојување на Акцискиот план на Локалниот економско-социјален совет на Општина Демир Хисар за 2024 година(со опис на активностите од формирањето), донесена на 31-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 1276/1 Општина Демир Хисар**
**28.12.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 43 став 1 точка 42 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21) а во согласност со член 8 став 1 алинеја 6 и член 11 став 2 од Деловникот за работа на Локалниот економско-социјален совет на Општина Демир Хисар, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 26.12.2023 година, донесе

Одлука
За усвојување на Акцискиот план на Локалниот економско-социјален совет на Општина Демир Хисар за 2024 година (со опис на активностите од формирањето)

Член 1

Се донесува одлука за усвојување на Акцискиот план на Локалниот економско-социјален совет на Општина Демир Хисар за 2024 година (со опис на активностите од формирањето).

Претходно овој Акциски план беше усвоен од страна на Локалниот економско-социјален совет на Општина Демир Хисар, кој го достави до Советот на Општина Демир Хисар на понатамошна постапка.

Член 2

Одлуката стапува во сила веднаш по објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-1245/2 Совет на Општина Демир Хисар**
**26.12.2023 година Претседател,**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2024 година**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2024 година, донесена на 31-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 1276/2 Општина Демир Хисар**
**28.12.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и ,,Службен весник на РСМ,, бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22 ), Советот на општина Демир Хисар, на 31 ва седница одржана на 26.12.2023 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година

Член 1

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2024 година изнесува 81,60 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Демир Хисар“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2024 година.

**Бр.17-1245/3 Совет на Општина Демир Хисар**
**26.12.2023 година Претседател,**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за времено финансирање на Општина Демир Хисар за 2024 година**

1.Ја објавувам Одлуката за времено финансирање на Општина Демир Хисар за 2024 година, донесена на 31-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 1276/3 Општина Демир Хисар**
**28.12.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ,, бр.61/04, 96/04 ,67/07,156/09, 47/11,192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ,, бр. 244/19,53/21,77/21, 150/21и 173/22 ) а во согласност со член 113 од

Статутот на општината Демир Хисар („Службен гласник„ бр. 3/02, 04/05, 07/09, 13/14, 18/16, и 10/19) Советот на општината Демир Хисар на 31 ва седница одржана на ден 26.12. 2023 година ,донесе

ОДЛУКА
ЗА ВРЕМЕНО ФИНАНСИРАЊЕ

Член 1

Се одобрува времено трошење на средства за редовно и нормално извршување на функциите на општина Демир Хисар и буџетските корисници во нејзин состав за периодот од 01.01.2024 год. до 31.03.2024 година .

Член 2

Трошењето на средствата по сметки , програми, потпрограми и ставки за секој месец ќе се врши најмногу до висина од 1/3 од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фискална година најдоцна до 31 март а имајќи ги во предвид и готовинските текови .

Член 3

Со донесувањето на оваа Одлука како нејзин составен дел се донесува и финансики план за нејзино спроведување за период од 01.01.2024 год. до 31.03.2024 год. , кој воедно ќе биде составен дел на Буџетот за тековната година . Висината од 1/3 од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фискална година ја одредува Министерството за финансии.

Член 4

За спроведување на оваа Одлука се задолжува Одделението за финансиски прашања при општина Демир Хисар .

Член 5

Одлуката влегува во сила со донесувањето ,а ќе се објави во „Службен гласник на општина Демир Хисар „.

**Бр.17-1245/4 Совет на Општина Демир Хисар**
**26.12.2023 година Претседател,**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2024 година**

1.Го објавувам Буџетскиот календар на општина Демир Хисар за 2024 година, донесен на 31-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

.

**Бр.08- 1276/4 Општина Демир Хисар**
**28.12.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 27, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09,47/11,192/15,209/18 и Сл.весник на РСМ бр. 244/19,53/21,77/21,150/21 и 173/22) Советот на општина Демир Хисар на 31ва седница одржана на ден 26.12 2023 год.донесе

**Буџетски календар**
**на општина Демир Хисар за 2024 година**

| Ред. Бр. | АКТИВНОСТИ | Месец во годината |
|---|---|---|
| 1. | Советот на општина Демир Хисар го донесува буџетскиот календар. | декември |
| 2. | Министерот за финансии доставува циркулар -насоки за подготвување на буџетите на единиците на локална самоуправа за наредната година | Нај доцна до 30ти септември |
| 3. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиските планови до сите одделениј а и буџетски корисници. | Нај доцна до 15ти октомври |
| 4. | Сите одделениј а и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. | Нај доцна до 01ти Ноември |
| 5. | Одделението за Финансиски прашања подготвува проценки на вкупните приходи ,ги разгледува анализира и усогласува предлог пресметките и финансиските планови ,ги одредува приоритетите и одредбите за новиот предлог буџет и го известува градоначалникот за основните параметри. | Нај доцна до 10ти Ноември |
| 6. | Одделението за Финансиски прашања го изготвува нацрт | |

| | | |
|---|---|---|
| | буџетот и го доставува до градоначалникот на разгледување и одобрување. | Нај доцна до 20 ти Ноември |
| 7. | Градоначалникот организира јавна расправа по нацрт буџетот . | Најдоцна до 30 ти Ноември |
| 8. | Градоначалникот доставува предлог буџет до Советот на општина Демир Хисар | Нај доцна до 15ти декември |
| 9. | Советот на општина Демир Хисар го усвојува предлог буџетот. | Нај доцна до 31ви декември |

Буџеткиот календар на општина Демир Хисар за 2024 година влегува во сила наредниот ден од објавувањето во службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.17-1245/5**
**26.12.2023 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател,**
**Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за усвојување на Локален Акциски План за управување со отпад на Општина Демир Хисар за период 2024 - 2025**

1.Ја објавувам Одлуката за усвојување на Локален Акциски План за управување со отпад на Општина Демир Хисар за период 2024-2025 , донесена на 31-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 1276/5 Општина Демир Хисар**
**28.12.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 21 став 1 од Законот за управување со отпад (“Службен весник на РМ” бр. 216/2021 година) и член 43 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар “ бр. 3/2002 година ), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 26.12.2023 година донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Локален Акциски План за управување со отпад
на Општина Демир Хисар за период 2024 - 2025

Член 1
Се усвојува Локален Акциски План за управување со отпад на Општина Демир Хисар за период 2024 – 2025 година, изработен со поддршка од Проектот „Одржливо управување со отпад на локално ниво во Северна Македонија“ финансиран од Шведската агенција за меѓународен развој, Сида, а имплементиран во партнерство помеѓу SALAR international, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за

локална самоуправа и Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Предлог - Локален Акциски План за управување со отпад на Општина Демир Хисар за период 2024 – 2025 година, кој не се објавува во "Службен гласник на Општина Демир Хисар", а ќе се објави на веб страната на општината.

Член 3

Одлуката влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр. 17-1245/6 Совет на Општина Демир Хисар
26.12.2023 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2024 година**

1.Ја објавувам Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2024 година, донесена на 31-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 1276/6 Општина Демир Хисар**
**28.12.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (вСлужбен гласник на Општина Демир Хисарг бр.3/02; 4/05; 7/09; 16/13, 18/14,10/19 и 7/21) и член 101 од Деловникот за работа на Советот на Општина Демир Хисар (вСлужбен гласник на Општина Демир Хисарг бр.3/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 26.12.2023 година,донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2024**

**Вовед**

Заради остварување на законски утврдени надлежности на Советот на Општина Демир Хисар со оваа Програма се остварува начелото на програмирање на задачи и активности што се во надлежност на Советот на општината, а се утврдени со Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Демир Хисар и други законски и подзаконски акти. Во Програмата се утврдуват називите на активностите што ќе се реализираат во текот на 2024 година, носителите на изработка на метеријалите, предходно разгледување низ комисиска

расправа и усвојување од страна на Советот. Во концепирањето на Програмата користени се во најголема мера предлози од Градоначалникот и општинската администрација, јавни претпријатија и установи, општински организации како и комисиски и други предлози. Со оглед да се работи за започнатиот процес децентрализација кој ќе тече подолг период секако дека ќе има потреба се до усвојувањето на Програмата, а и после нејзиното донесување да се јават потреби од разгледување на материјали пред Советот, а кој не се влезени во Програмата што укажува на фактот дека таа е од отворен карактер и може да се дополнува.

**ПОСЕБЕН ДЕЛ**

***ЈАНУАРИ, ФЕВРУАРИ, МАРТ-И Тромесечие***

1.Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година за ИВ квартал
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

2. Годишен Извештај за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2023 година.
**Изготвува:** Одделение за правни и општи работи
**Усвојува:** Советот на општината.

3. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита за 2023 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за општествени дејности
**Усвојува:** Советот на општината.

4. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спортот и младите за 2023 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за општествени дејности
**Усвојува:** Советот на општината.

5. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за подршка на здруженија и фондации и НВО за 2022 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува**: Комисија за општествени дејности
**Усвојува:** Советот на општината.

6. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравството за 2023 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува**: Комисија за општествени дејности
**Усвојува:** Советот на општината.

7.Извештај за реализација на Планот за развојни програми за 2022 година.
**Изготвува**: Одделение за ЛЕР

**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални работи и ЗЖС
**Усвојува:** Советот на општината.

8.Извештај за работењето на ПС од општа надлежност Демир Хисар за 2023 г.
**Изготвува:** ПС од општа надлежност Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за општествени дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

9.Информација за состојбата со наплата на комуналната такса за 2023 година.
**Изготвува:**Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

10.Информација за состојбата со наплата на данок на имот за 2023 година.
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

11. Годишен Извештај за состојбата со деловниот и стамбениот простор со кој стопанисува општина Демир Хисар даден под закуп за 2023 година.
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува**: Совет на општина Демир Хисар

12. Извештај за реализација на Програмата за јавна чистота на општина Демир Хисар за 2023.
**Изготвува:** ЈКП Комуналец Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува**: Совет на општина Демир Хисар

13. Извештај за реализација на Програма за јавно осветлување во Општина Демир Хисар за 2023 година
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

14.Извештај за реализирани активности на Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар во 2023 година.
**Изготвува:**Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални работи и ЗЖС
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

15 Извештај за реализација на Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на општина Демир Хисар за 2023 година
**Изготвува:** Одделение -инспекторат
**Разгледува:** Комисија за општествени дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

16. Извештај за реализација на Програмата за дезинсекција, дератизација во Општина Демир Хисар за 2023 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за општествени дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

17. Извештај за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на општина Демир Хисар за 2023 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални работи и ЗЖС
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

18.Извештај за работата на ЈКП,,Комуналец,, Демир Хисар за 2023 година .
**Изготвува:** ЈКПгКомуналецг Демир Хисар
**Разгледува**: Комисија за јавни икомунални дејности/Управен одбор на ЈП
**Усвојува:** Советот на општината.

19. Извештај за работата на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2023 година
**Изготвува:** ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар Демир Хисар
**Разгледува**: Комисија за јавни и комунални дејности/Управен одбор на ЈП
**Усвојува:** Советот на општината.

20.Извештај за работа на Дом на култура вИлинденгДемир Хисар за 2023г.
**Изготвува:** Дом на култура вИлинденгДемир Хисар
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности/Управн одбор на дом на култура
**Усвојува:** Советот на општината.

21. Годишен извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификација на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок дотацијата на Дом на културата ,,Илинден,, Демир Хисар за 2023 година
**Изготвува:** Дом на култура вИлинденгДемир Хисар
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет /Управн одбор на дом на култура
**Усвојува**: Совет на Општина Демир Хисар

22.План за работа на Домот на културата вИлинденгДемир Хисар за 2024г.
**Изготвува:** Дом на култура вИлинденгДемир Хисар/ Управн одбор на дом на култура
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:** Совет на општината

23.Завршна сметка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година.
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

24.Годишен извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 год.
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

25.Завршна сметка на Дом на културагИлинденгДемир Хисар за 2023г.
**Изготвува:**Дом на културагИлинденгДемир Хисар
**Разгледува:**Надзорен одбор за матер.финан работење на дом на култура
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

26.Завршна сметка од ОУгГоце ДелчевгДемир Хисар за 2023година.
**Изготвува:** ОУ вГоце ДелчевгДемир Хисар
**Разгледува:** Училишен одбор
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

27.Завршна сметка од ОУ вБраќа Миладиновциг с.Жван за 2023 година.
**Изготвува:** ОУ вБраќа Миладиновциг с.Жван
**Разгледува:** Училишен одбор
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

28.Завршна сметка на ОУгДаме Груевг с.Смилево за 2023година.
**Изготвува:** ОУ вДаме Груевг с.Смилево
**Разгледува**:Училишен одбор
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

29.Завршна сметка на ДСУ вКрсте П.МисирковгДемир Хисар за 2023г.
**Изготвува:** ДСУ вКрсте П. МисирковгДемир Хисар
**Разгледува:** Училишен одбор
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

30.Завршна сметка на ЈОУД детска градинка вВтори СептемвригДемир Хисар за 2023г .
**Изготвува:** ЈОУД детска градинка вВтори Септември в Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет/Управен одбор
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

31.Завршна сметка на ЈКПгКомуналецгДемир Хисар за 2023 година.
**Изготвува:** ЈКП вКомуналецг Демир Хисар
**Разгледува:** Ком.за финан.и буџет/Управен и Надзорен одбор на ЈП
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

32.Завршна сметка на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2023 година.
**Изготвува:** ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар
**Разгледува:** Ком.за финан.и буџет/ Управен и Надзорен одбор на ЈП
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

***АПРИЛ, МАЈ , ЈУНИ-II Тромесечие***

33.Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година за Iквартал
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

34.Тримесечен извештај на ЈКП Комуналец Демир Хисар .
**Изготвува:** ЈКП Комуналец Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија финансии и буџет
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

35.Тестемесечен извештај на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар .
**Изготвува:** ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија финансии и буџет
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

36.Извештај за реализација на Оперативна програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар за сезона 2023/2024 година
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС

**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

37.План за јавност во работата на општина Демир Хисар за 2024 година
**Изготвува:** општинска администрација
**Разгледува:** Комисија за општествени дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

***ЈУЛИ, АВГУСТ, СЕПТЕМВРИ-ИИИ Тромесечие***

38.Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година за ИИ квартал
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Совет на општината.

39.Извештај за шестмесечно работење на ПС од општа надлежност Демир Хисар .
**Изготвува:** ПС од општа надлежност Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија општествени дејности
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

40.Шестмесечен извештај на ЈКП Комуналец Демир Хисар .
**Изготвува:** ЈКП Комуналец Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија финансии и буџет
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

41.Шестемесечен извештај на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар .
**Изготвува:** ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија финансии и буџет
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

42.Извештај за работа на ОУ„Гоце Делчев“за 2023/2024 година.
**Изготвува:** ОУ„Гоце Делчев“ Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија општествени дејности
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

43.Извештај за работа на ОУ„Браќа Миладиновци“с.Жван за 2023/2024 година.
**Изготвува:** ОУ„Браќа Миладиновци“с.Жван
**Разгледува:** Комисија за општествени дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

44.Извештај за работа на ОУ„Даме Груев“с.Смилево за 2023/2024 година.
**Изготвува:** ОУ „Даме Груев“ с.Смилево
**Разгледува:** Комисија за општествени дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

45.Извештај за работа на ДСУ „Крсте П.Мисирков“Демир Хисар за 2023/2024 година.
**Изготвува:** ДСУ„Крсте П.Мисирков“Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за општествени дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

46.Извештај за работа на ЈОУД детска градинка „Втори Септември“Демир Хисар за 2023/2024 година.

**Изготвува:** ЈОУД детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за општествени дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

47.Програма за работа на ОУ„Гоце Делчев“ Демир Хисар за 2024/2025 година.
**Изготвува:** ОУ„Гоце Делчев“ Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за општествени дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

48.Програма за работа на ОУ„Браќа Миладиновци“ с.Жван за 2024/2025 година.
**Изготвува:** ОУ„Браќа Миладиновци“ с.Жван
**Разгледува:** Комисија за општествени дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

49.Програма за работа на ОУ„Даме Груев“ с.Смилево за 2024/2025 година.
**Изготвува:** ОУ „Даме Груев“ с.Смилево
**Разгледува:** Комисија за општествени дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

50.Програма за работа на ДСУ„Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за 2024/2025 година.
**Изготвува:** ДСУ„Крсте П.Мисирков“ Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за општествени дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

51.Програма за работа на ЈОУД детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар за 2024/2025 година.
**Изготвува:** ЈОУД детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за општествени дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

52.Оперативна програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина демир Хисар во сезоната 2024/2025 година
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за јавни комунални дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

53.Ребаланс на буџетот за 2024 година.
**Изготвува:** Одделение за финански прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

***ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ- IV Тромесечие***

54.План за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2025 година
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални работи и ЗЖС
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

55.Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година за III квартал
**Изготвува:** Одделение за финански прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет

**Усвојува:** Советот на општината.

56. Ребаланс на буџетот за 2024 година.

**Изготвува:** Одделение за финански прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

57.Деветмесечен извештај на ЈКП Комуналец Демир Хисар .
**Изготвува:** ЈКП Комуналец Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија финансии и буџет
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

58.Деветмесечен извештај на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар .
**Изготвува:** ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија финансии и буџет
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

59. Програмата за јавна чистота на општина Демир Хисар за 2025.
**Изготвува:** Оддление за инспекциски надзор-инспекторат
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува**: Совет на општина Демир Хисар

60.Програма за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита за 2025 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за општествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

61. Програма за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спортот и младите за 2025 година.
**Изготвува**: Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за општествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

62. Програма за активностите на Општина Демир Хисар за подршка на здруженија на граѓани и невладини организации за 2025 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за општествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

63. Програма за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравството за 2025 г .
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за општествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

64. Програма за јавните потреби на Општина Демир Хисар во културата 2025 г .

**зготвува:** општинска администрација
**Разгледува:** Комисија за општествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

65. Програма за обележување на значајни годишнини од настани и личности на Општина Демир Хисар за 2025 г .
**Изготвува:** општинска администрација
**Разгледува:** Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија
**Усвојува:** Советот на општината.

66. Програма за јавно осветлување во Општина Демир Хисар за 2025 година
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

67. Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Демир Хисар за 2025 г.
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални работи и ЗЖС
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

68. Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2025 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

69.Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2025 г.
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални работи и ЗЖС
**Усвојува**: Совет на општина Демир Хисар

70.Програма за уредување на градежно земјиште во Демир Хисар за 2025 година
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални работи и ЗЖС
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

71.Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на општина Демир Хисар за 2025 година
**Изготвува:** Одделение -инспекторат
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

72. Програма на активности за еднакви можности на жените и мажите во општина Демир Хисар за 2025 година
**Изготвува:** Одделение за општи и правни работи
**Разгледува:** Комисија за еднакви можности на жените и мажите
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

73. Програма за изработка на УП на Општина Демир Хисар за 2025
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални работи и ЗЖС
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

74. Програма за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2025 година.
**Изготвува:** Одделение за правни и општи работи
**Разгледува:**Комисија за изготвување на Програмата за работа на Советот
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

75.Буџет на Општина Демир Хисар за 2025 година
**Изготвува:** Одделение за финански прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

76.Одлука за извршување на буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година.

**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

77.Одлука за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2025 година.
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

78.Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2025 г
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува***:* Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

79.Програма за работа на ЈКПгКомуналецгза 2025година
**Изготвува:** ЈКПгКомуналецг Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува:** Советот на општината.

80.Програма за работа на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2025 година
**Изготвува:** ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар Демир Хисар
**Разгледува**: Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува:** Советот на општината.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ**

За извршување на Програмата се задолжуваат изготвувачите и предлагачите на материјалите кој се должни да го почитуваат утврдените рокови.
Во текот на 2024 година Советот на Општина Демир Хисар ќе разгледува и усвојува и други дополнителни прашања кој ќе произлезат од непосредното работење. Програмата да се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр.17-1245/7 Совет на Општина Демир Хисар
26.12.2023 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Одлука за утврдување на надоместок за претседател и членови на Управен одбор и Надзорен одбор на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување на надоместок за претседател и членови на Управен одбор и Надзорен одбор на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар, донесена на 31-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 1276/7 Општина Демир Хисар**
**28.12.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 19 став 6 и член 27 став 9 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ,,Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), како и член 43 став 42 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 26.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на надоместок за претседател и членови на Управен одбор и Надзорен одбор на ЈП ,,Дехи Транс" Демир Хисар**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува надоместок за претседател и членови за својата работа, врз основа на присуство на седници на Управен одбор и Надзорен одбор на ЈП ,,Дехи Транс" Демир Хисар, чиј основач е Општина Демир Хисар.

Член 2

Висината на надоместокот за претседател и членови на Управен одбор изнесува:

- Претседател на Управен одбор 2000,00 денари

- Членови на Управен одбор 1500,00 денари

Член 3

Висината на надоместокот за претседател и членови на Надзорен одбор изнесува:

- Претседател на Надзорен одбор 1500,00 денари

- Членови на Надзорен одбор 1000,00 денари

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-1245 /8 Совет на Општина Демир Хисар**
**26.12.2023 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за утврдување на надоместок за претседател и членови на Управен одбор и Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување на надоместок за претседател и членови на Управен одбор и Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар, донесена на 31-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 1276/8 Општина Демир Хисар**
**28.12.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 19 став 6 и член 27 став 9 од Законот за јавни претпријатија

(„Службен весник на РМ” бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ,,Службен весник на РСМ” бр.275/19, 89/22 и 274/22), како и член 43 став 42 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 26.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на надоместок за претседател и членови на Управен одбор и Надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец” Демир Хисар**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува надоместок за претседател и членови за својата работа, врз основа на присуство на седници на Управен одбор и Надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец” Демир Хисар, чиј основач е Општина Демир Хисар.

Член 2

Висината на надоместокот за претседател и членови на Управен одбор изнесува:

- Претседател на Управен одбор 800,00 денари

- Членови на Управен одбор 800,00 денари

Член 3

Висината на надоместокот за претседател и членови на Надзорен одбор изнесува:

- Претседател на Надзорен одбор 800,00 денари

- Членови на Надзорен одбор 800,00 денари

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-1245/9    Совет на Општина Демир Хисар**
**26.12.2023 година    Претседател**
**Демир Хисар    Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за разрешување и именување на член во Статутарно правна комисија**

1.Го објавувам Решението за разрешување и именување на член во Статутарно правна комисија, донесено на 31-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 1276/9    Општина Демир Хисар**
**28.12.2023 година    Градоначалник**
**Демир Хисар    Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 43 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21”), а во врска со член 47 од Деловникот

за работа на Советот на општина Демир Хисар (Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.3/02), советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 26.12.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на член во статутарно правна комисија**

1. Со ова Решение се разрешува Валентина Талевска од член во Статутарно правна комисија именувана со Решение бр.17-415/9 од 13.04.2022 година.

2. Разрешувањето се врши поради поднесена оставка бр.17-1233/1 од 20.12.2023 година.

3. За член во Статутарно правна комисија се именува

   - Бети Малушовска

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Решението се доставува до архива на Општина Демир Хисар, разрешен член и именуван член.

**Бр.17-1245/10 Совет на Општина Демир Хисар**
**26.12.2023 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Добре Пилачевски од с.Слепче**

1.Ја објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на Добре Пилачевски од с.Слепче, донесена на 31-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 1276/10 Општина Демир Хисар**
**28.12.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија" бр.5/02), член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21"), советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 26.12.2023 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
за одобрување финансиски средства на Добре Пилачевски од с.Слепче

Член 1

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства на Добре Пилачевски од с.Слепче во износ од 152.800,00 денари.

Добре Пилачевски од с.Слепче поднесе барање заверено во архива на

Член 2

Општина Демир Хисар со бр.08-639/2 од 26.12.2023 година за помош во материјали или парични средства заради надомест на материјална штета, бидејќи на 11.12.2023 година, семејната куќа во с.Слепче во која живееле била зафатена од пожар со кој е предизвикана голема материјална штета.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-1245/11 Совет на Општина Демир Хисар**
**26.12.2023 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р**

-----------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за усвојување на Акцискиот план на Локалниот Економски-социјален совет на Општина Демир Хисар за 2024 година (со опис на активностите од формирањето)---------------------------------------1

2.Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година----2

3.Одлука за времено финансирање на Општина Демир Хисар за 2024 година------------------------------------2-3

4. Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2024 година--------------------------------------------4

5. Одлука за усвојување на Локален Акциски План за управување со отпад на општина Демир Хисар за период 2024-2025----------------------------------------5

6. Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2024 година--------------------------------6-13

7. Одлука за утврдување на надоместок за претседател и членови во Управен и надзорен одбор на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар------------------------------------13-14

8.Одлука за утврдување на надоместок за претседател и членови на Управен и надзорен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар-------------------------14-15

9. Решение за разрешување и именување на член во Статутарно правна комисија---------------------15-16

10.Одлука за одобрување финансиски средства наПилачевски Добре од с.Слепче-----------------16-17

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**

**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**